РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

Јануари 2011 година



Скопје, март 2011 година

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

Јануари 2011 година

- Раст на индексот на индустриското производство во јануари 2011 година од 5% во однос на јануари 2010 година;
- Годишен раст на општото ниво на цени од 3,2% и месечно ниво на инфлација од 0,9%;
- Раст на физичкиот обем на извозот од 15,7%, со висок номинален вредносен раст од 52,5%. Раст на физичкиот обем на увезените количини на стоки од 47,8%, со висок вредносен раст од 83,3%;
- Раст на вкупните приходи во Буџетот од 11,9% а намалување на вкупните расходи за 4,8% во однос на истиот месец од 2010 година. Дефицит на Консолидираниот буџет од 660 милиони денари и дефицит на Централниот буџет од 131 милиони денари;
- Раст на вкупните кредити кон приватниот сектор од 6,8% на годишна основа, со истовремен раст на вкупниот депозитен потенцијал на банките од 12,9%;

# 1. Реален сектор

## Индустриско производство

Индексот на индустриското производство[1] во јануари 2011 година во однос на јануари 2010 година забележа раст од 5%. Анализирано по сектори на годишно ниво значителен раст од 8% забележа секторот Преработувачка индустрија, секторот Рударство и вадење на камен забележа раст од 2,4%, додека секторот Снабдување со електрична енергија гас, пареа и климатизација забележа пад од 4,8% (при што треба да се има во вид и високата споредбена основа, со оглед дека во јануари 2010 во однос на јануари 2009 овој сектор забележа раст од 16,8%).




Во рамки на преработувачката индустрија, позитивен годишен раст е регистриран кај 11 од 23 гранки, при што, значаен раст е забележан кај две од трите носечки гранки со двоцифрено учество во структурата на индустриското производство. Така, висок раст е остварен кај Производството на облека од 25,2% и кај Производството на метали од 19,8%, со што продолжува трендот на високи стапки на раст кај овие гранки, додека кај Производството на прехранбени производи регистриран е пад од 7,6%. Висок раст на производството е регистриран и кај следниве гранки: Производство на останата опрема за транспорт 321,2%, Производство на моторни возила, приколки и полуприколки 141,6%, Производство на електрична опрема 105,6%, Производство на фабрикувани метални производи освен машини и опрема, 67,7% и Преработка на дрво, производи од дрво и плута 46,8%.




[1] Државниот завод за статистика, на почетокот на оваа година, ја примени новата Национална номенклатура на индустриски производи (ННИП) 2008 за прибирање и обработка на податоците за индустриското производство, а за пресметка и објавување на индексите на индустриското производство ја примени новата Национална класификација на дејностите (НКД Рев.2).

Најголем позитивен придонес во годишниот раст на индустриското производство има Производството на електрична опрема (4,4 п.п.), а најголем негативен придонес има Производството на пијалаци (-0,9 п.п).

Податоците за индустриското производство по наменски групи во јануари 2011 во однос на јануари 2010 година покажуваат дека зголемување на производството бележи групата Интермедијарни производи, освен енергија 16,8%, Капитални производи 73,1%, Трајни производи за широка потрошувачка 19,5%, додека пад е регистриран кај групата Енергија 6,1% и Нетрајни производи за широка потрошувачка 1,8%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Според оценката, тековната економска состојба на деловните субјекти во јануари 2011 година е поповолна во однос на претходниот месец, како и во однос на јануари 2010 година, што претставува континуитет во подобрувањето во последните три месеци.

Обемот на производството на деловните субјекти во јануари 2011 година бележи пораст во споредба со претходниот месец. Исто така, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни, како и очекувањата за бројот на вработените, што укажува на севкупно подобрување на состојбите во преработувачката индустрија. Во јануари 2011 година залихите на суровини и репроматеријали, како и сегашните набавки на суровини и репроматеријали, се под и околу нормалата. Залихите на готовите производи во јануари 2011 година се намалени во споредба со претходниот месец. Според оценката на раководителите, во наредниот период, просечните набавни цени на инпутите, како и продажните цени на готовите производи се очекува да се зголемат.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јануари 2011 година изнесува 58,6% од нормалното искористување, што претставува намалување во однос на минатиот месец, кога изнесуваше 61,4%. Во јануари 2011 година ваквата појава е вообичаена во индустријата, имајќи ги предвид сезонските фактори. Сепак, споредено со јануари 2010 година е забележана зголемена искористеност на капацитетите за 7,2 п.п., што претставува значително подобрување. Најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во декември 2010 година имаат: недоволната странска побарувачка со 19,8%, недоволната домашна побарувачка со 17%, финансиските проблеми со 12% и неизвесното економско окружување со 10%. Во однос на претходниот месец, во јануари 2011 година намалување од 2 п.п има кај ограничувачките фактори: недоволна странска побарувачка и неизвесното економско опкружување, додека кај останатите фактори нема позначајни промени.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работниците во индустријата во јануари 2011 година во однос на јануари 2010 година е скоро на истото ниво (-0,2%). Секторската анализа укажува на зголемување на бројот на работници на годишно ниво во секторот

Рударство и вадење на камен од 3,6% (при што висок раст од 10,8% е регистриран во гранката Вадење на други руди и камен). Во секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода, забележан е раст од 2,8%, додека во Секторот Преработувачката индустрија регистриран е благ пад од 0,8%.

Во рамки на преработувачката индустрија висок раст на годишно ниво на бројот на вработени е регистриран во Производството на метали од 22,2%, што е од особено значење, имајќи го предвид големото учество во структурата на индустриското производство, што се рефлектира и со раст на индустриското производство од 19,8%. Раст на бројот на работници на годишно ниво е забележан и кај Производството на пијалаци од 5,1%, Производството на кожа од 11,8%, Производството на хемикалии и хемиски производи 2,9%, Производството на фабрикувани метални производи 1,6%, Производството на машини и уреди 16,1%, Производството на мебел 4,6% и Поправка и инсталирање на машини 8,8%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јануари 2011 во однос на јануари 2010 година покажува зголемување на бројот на работници во групата Енергија за 2%, Интермедијарните производи, освен енергија за 3,6%, Капитални производи за 5,5% и Трајни производи за широка потрошувачка за 2%, додека пад е регистриран кај групата Нетрајни производи за широка потрошувачка за 3,2%.

## Инфлација

Во јануари 2011 година инфлацијата (CPI) изнесува 3,2% во однос на истиот месец 2010 година, односно 0,9% во однос на декември 2010 година.




Растот на цените на годишна основа е највисок во категоријата Исхрана од 5,3%, која има и највисоко учество во пресметковната структура од скоро 39%. Раст на цените е забележан и кај категориите: Сообраќајни средства и услуги од 5,0%, Домување од 2,3% како последица на растот за станарина, вода и услуги, Хигиена и здравје од 1,2%, Ресторани и хотели од 1,0%, Облека и обувки од 0,9% и Тутун и пијалаци од 0,8%. Пад е забележан кај категориите на цените за административни и финансиски услуги од 8,3% и Култура и разонода од 0,9%.

Индексот на цените на мало во јанури 2011 година е зголемен од 3,4% во однос на јануари 2010 година.

Во јануари 2011 година цената на природниот гас забележа месечен раст од 6,1%.

Цената на нафтата на светските берзи се зголеми за 4,9% во однос на претходниот месец и достигна вредност од 96,3 долари за барел. Споредено со јануари 2010 година, цената на нафтата е зголемена за 26,1%.

Во рамки на металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, забележа месечно зголемување на цената од 6,4% и достигна ниво од 25.646 долари за еден метрички тон ($/мт). Споредено со јануари 2010 година цената на никелот е повисока за 39,1%.




Пад на цените на месечно ниво е забележан кај златото од 2,5%, додека раст на цените на месечно ниво е забележан кај бакарот од 4,5%, цинкот од 4,0% и алуминиумот 3,8%.

## 2. Надворешно трговска размена

### Извоз

Во јануари 2011 година физичкиот обем на извозот забележа раст од 15,7%, а неговата вредност достигна 204,4 милиони евра, што претставува висок раст од 52,5% во однос на јануари 2010 година.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2011 година извозот е намален за 9%, во однос на декември 2010 година. Ваквото движења во добар дел се објаснува со вообичаното влијание на сезонските фактори. Сезонско прилагоденото движење на извозот во јануари бележи месечен раст од 10,6%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (19,6 п.п.) врз извозот во овој месец.




Главни групи извозни производи (според СМТК) во стурктурата на извозот во јануари 2011 година се: железо и челик 23,2%, хемиски материи и производи 17,6%, облека 14,7%, пијалоци и тутун 8,5%, метална руда и отпадоци од метал 6,2%, нафта и производи од нафта 6%. Овие шест групи производи сочинуваат 76,4% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано по економска намена, во јануари 2011 година, значителен раст на извозот е забележан кај производите наменети за индустрија за 2 пати (60,6 милиони евра) со придонес во раст од 46 п.п., споредено со истиот месец 2010 година. Извозот на производите наменети за лична потрошувачка и енергија бележи раст од 4,8 и 5,5 милиони евра, со придонес во раст од 3,6 п.п. и 4,2 п.п, соодветно.




Анализата на извозот по дејности (NACE Ref.1) во јануари 2011 година, во споредба со истиот месец 2010 година, укажува на значителен раст на извозот во преработувачката индустрија за 63,9 милиони евра, што првенствено се должи на растот на: производство на хемикалии и хемиски производи за 5 пати (33 милиони евра), со придонес во раст од 25,3 п.п.; производство на основни метали за 80,5% (22,8 милиони евра) со придонес во раст од 17,4 п.п.; производство на кокс, деривати на нафта и нуклеарно гориво за 42,2% (3,8 милиони евра) со придонес во раст од 3 п.п. и производство на прехранбени производи и пијалоци со придонес во раст од 1,3 п.п..




| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2010 | I-2011 | Салдо 2011-2010 | Стапки во% |
| .000 Т | 36,2 | 54,1 | 17,9 | 49,4 |
| Мил. ЕУР | 25,9 | 47,4 | 21,5 | 83,0 |
| Мил.$ | 37,3 | 63,7 | 26,4 | 70,8 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2010 | I-2011 | Салдо 2011-2010 | Стапки во% |
| .000 Т | 49,2 | 46,1 | -3,1 | -6,3 |
| Мил. ЕУР | 18,4 | 22,4 | 4,0 | 21,7 |
| Мил.$ | 26,2 | 30,1 | 3,9 | 14,9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2010 | I-2011 | Салдо 2011-2010 | Стапки во% |
| .000 Т | 19,3 | 20,2 | 0,9 | 4,7 |
| Мил. ЕУР | 9,2 | 12,3 | 3,1 | 33,7 |
| Мил.$ | 13,2 | 16,5 | 3,3 | 25,0 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2010 | I-2011 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| .000 Т | 91,3 | 90,3 | -1,0 | -1,1 |
| Мил. ЕУР | 38,5 | 41,7 | 3,2 | 8,3 |
| Мил.$ | 55,0 | 56,1 | 1,1 | 2,0 |

*)Претходни податоци

Во јануари 2011 година извозот на земјоделската дејност изнесуваше 17,3 милиони евра, што претставува раст за 8,6 милиони евра во однос на јануари 2010 година.

## Увоз

Анализирано на годишно ниво во јануари 2011 година зголемувањето на физичкиот обем на увезените количини на стоки е 47,8%, а нивната вредност изнесува 420,6 милиони евра или висок раст од 83,3% во однос на јануари 2010 година.

Најголем дел од увозот на стоки, според СМТК, во јануари 2011 година отпаѓа на: обоени метали[2]) (83,4 мил. евра, со учество од 19,8% во вкупниот увоз), нафта и производи од нафта (41,7 мил. евра, 9,9%), неоргански хемиски производи (33,5 мил. евра, 8%), производи за боење и штавење (23,7 мил. евра, 5,6%), железо и челик (22,4 мил. евра, 5,3%), текстилни предива и слично (20,7 мил. евра, 4,9%), друмски возила (16,7 мил. евра, 4,0%), електрична енергија (14,3 мил. евра, 3,4%), електрични машини, апарати и делови (11,9 мил. евра, 2,8%), телекомуникациски и аудио апарати (8,3 мил. евра, 2,0%) и тн.

Анализирано по економска намена, во јануари 2011 година значителен раст на увозот е забележан кај производите наменети за индустрија за 3,2 пати во однос на јануари 2010 година и изнесуваа 241,2 милиони евра, додека вредноста на увезените производи наменети за енергија изнесува 64 милиони евра, што претставува пораст од 22,5% во однос на јануари 2010 година.

Од анализата на увозот по дејности во јануари 2011 година, во однос на јануари 2010 година, се констатира дека носител на растот на увозот е преработувачката индустрија со раст од 2 пати, или 176 милиони евра, што се должи на порастот кај: производство на основни метали за 90 милиони евра и производство на хемикалии и хемиски производи за 56 милиони евра.

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2010 | I-2011 | Салдо 2011-2010 | Стапки во% |
| .000 Т | 7,6 | 6,8 | -0,8 | -10,5 |
| Мил. ЕУР | 8,9 | 42,0 | 33,1 | 371,9 |
| Мил.$ | 12,7 | 56,4 | 43,7 | 344,1 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемискки производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2010 | I-2011 | Салдо 2011-2010 | Стапки во% |
| .000 Т | 17,9 | 16,3 | -1,6 | -8,9 |
| Мил. ЕУР | 27,2 | 83,7 | 56,5 | 207,7 |
| Мил.$ | 38,7 | 110,8 | 72,1 | 186,3 |

*)Претходни податоци

Увозот во земјоделската дејност забележа позитивно движење за 8,2% или 7,2 милиони евра.

## Салдо на трговска размена

Ваквите движења на извозот и увозот на стоки придонесоа негативното салдо на размената во јануари 2011 година да се прошири за 120 милиони евра во однос на јануари 2010 година.

Зголемувањето на трговскиот дефицит е резултат на комбиниран ефект од проширениот дефицит во размената со обоени метали, неоргански хемиски производи, производи за боење и штавење и намаленото позитивно салдо во размената со метална руда и отпадоци од метал. Во спротивна насока делува проширеното позитивно салдо во размената кај хемиски материи и производи, железо и челик, тутун и преработки од тутун, овошје и зеленчук и друго.

[2] Платина, необработена или во прав; други метали од платинска група и нивни легури и благородни метали во колоидна состојба и нивни органски и неоргански соединенија

Анализирано според економски групации на земји, во јануари 2011 година споредено со истиот месец 2010 година, продолжи да расте извозот во ЕУ, ЕФТА и земјите во развој, а увозот од сите групации на земји бележи раст, освен од „други развиени земји“.

Во јануари 2011 година, при значително подобрена трговска размена со Европската унија (ЕУ 27) во однос на јануари 2010 година за 87%, учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена бележи позитивно поместување за 8 п.п. и изнесува 63,6%, при што извозот на стоки учествува со 64,2%, а увозот на стоки со 63,1%. Извозот во Европската Унија бележи значајно позитивно поместување од 31%, а увозот се зголеми за 2 пати во однос на јануари 2010 година.

Во јануари 2011 година значителен дел од трговскиот дефицит на земјата е остварен во трговската размена со Велика Британија, Русија, Србија, Турција, Кина и Грција, додека истиот е корегиран со остварениот суфицит во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Албанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 57% од надворешно-трговската размена во јануари 2011 година е реализирана во евра, што во однос на јануари 2010 година претставуваше намалување од 13,8 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 75,4% и 48%, соодветно, а намалувањето во однос на јануари 2010 година изнесуваше 0,3 п.п. и 20,3 п.п., соодветно. Ваквото намалување на структурното учество на Еврото во увозот се должи на зголемениот увоз од Велика Британија, кој е остварен во GBP со учество од 32,2% во валутната структура на увозот.

Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); Пресметка на МФ
- по валути -

| увоз | I - 2010 | | | | | I - 2011 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 164 | 156.422.804 | 61,2728 | 9.584.463.185 | 68,3 | 189 | 202.094.280 | 61,5150 | 12.431.829.634 | 48,0 | 45.671.476 | 29,2 |
| УСД | 167 | 96.975.775 | 44,0766 | 4.274.362.444 | 30,5 | 213 | 109.999.260 | 46,4574 | 5.110.279.622 | 19,7 | 13.023.485 | 13,4 |
| ГБП | 1 | 3.352.729 | 69,2566 | 232.198.589 | 1,7 | 1 | 112.727.623 | 72,4702 | 8.169.393.384 | 31,6 | 109.374.894 | 3.262,3 |
| ЕУР+УСД | 332 | | | 13.858.825.629 | 98,8 | 403 | | | 17.542.109.256 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 332 | | | 14.033.459.674 | 100,0 | 403 | | | 25.877.508.317 | 100,0 | | 84,4 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. Фискален сектор

## Буџетски приходи

Во јануари 2011 година вкупните приходи на Консолидираниот буџет изнесуваат 10.352 милиони денари, односно 2,3% од БДП, што претставува поголемо остварување за 11,9% во однос на истиот месец 2010 година.

Даночните приходи се реализирани во износ од 6.251 милиони денари и во однос на јануари 2010 година се зголемени за 18,9%. При ова, данокот на додадена вредност е остварен во износ од 3.643 милиони денари, со доминантно учество од 58,3% во вкупните даночни приходи остварени во јануари 2011. Акцизите остварија износ од 1.348 милиони денари, со учество од 21,6% во даночните приходи. Така, од овие два даноци се остварени приходи од 4.991 милиони денари, односно повеќе од 3/4 од вкупните даночни приходи (1,1% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 5.299.5 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 1.656,9 милиони денари.

Споредено со јануари 2010 година приходите од ДДВ забележаа висок раст од 54%, а акцизите забележаа помало остварување од 11,0%. Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 585 милиони денари и се зголемени за 0,5% на годишна основа. Најголем пад од 39,2% оствaрија приходите од данокот на добивка (значителен е падот по основ на доплати по годишни даночни биланси за намалување на вратената камата и на задржаниот данок на приход на странски правни лица, додека приходот за данок на исплатената дивиденда и друга распределба од добивката се зголеми (почна да се наплатува од април 2010 година). Приходите од царина се остварени во износ од 224 милиони денари, што е помалку за 16,1% споредено со 2010 година.

| **Вкупни приходи и расходи** (во милиони денари) | | |
|---|---|---|
| | I-2010 | I-2011 |
| **Вкупни приходи** | **9.248** | **10.352** |
| **Даноци** | **5.258** | **6.251** |
| Персонален данок | 582 | 585 |
| Данок на добивка | 240 | 146 |
| ДДВ | 2.365 | 3.643 |
| Акцизи | 1.514 | 1.348 |
| Царини | 267 | 224 |
| Други даноци | 290 | 305 |
| **Неданочни приходи** | **1.061** | **723** |
| **Придонеси** | **2.675** | **2.598** |
| **Останато** | **254** | **780** |
| **Вкупни расходи** | **11.566** | **11.012** |
| **Тековни расходи** | **10.251** | **9.869** |
| Трансфери | 7.106 | 6.738 |
| Стоки и услуги | 1.161 | 1.094 |
| Плати | 1.916 | 1.897 |
| Камати | 69 | 140 |
| **Капитални расходи** | **1.315** | **1.143** |

Неданочните приходи се намалени за 31,9% во однос на јануари 2010 година, односно беа остварени во износ од 723 милиони денари (во овие приходи се приходите од административни такси, патарини, дивиденди и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште и станови се остварија во износ од 188 милиони денари, што е повеќе за 67,9%.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 2.598 милиони денари, што е помалку за 2,9% споредено со истиот месец 2010 година.

Структурата на прометот во земјата укажува дека прометот со добра и услуги, кои се оданочуваат со општа даночна стапка од 18% е зголемен за 2,5%, прометот кој се оданочува со бенефицирана даночна стапка од 5% е зголемен за 0,7%, а прометот кој е ослободен од ДДВ е зголемен за 25,9%.

## Буџетски расходи

Во јануари 2011 година вкупните расходи на Централниот буџет изнесуваат 11.012 милиони денари, односно 2,4% од БДП, што е помалку за 4,8% во однос на јануари 2010 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 9.869 милиони денари учествуваат со 89,6% и се намалени за 3,7% во однос на јануари 2010 година. Капиталните расходи изнесуваат 1.143 милиони денари, со учество во вкупните расходи од 10,4% и се намалени за 13,1% во споредба со истиот месец од претходната година.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаат трансферите, кои изнесуваат 6.738 милиони денари, а втори по големина се платите и надоместоците со 1.897 милиони денари. Во вкупните расходи на Централниот буџет, структурното учество на расходите за плати и надоместоци изнесува 17,2% и во однос на 2010 година се намалени за 1,0%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваат 1.094 милиони денари и споредено со јануари 2010 година се намалени за 5,8%. Трансферите забележаа намалување од 5,2% и истите учествуваат со 61,2% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 13,6%. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се извршени во износ од 3.137 милиони денари и претставуваат 28,5% од вкупните расходи.

Каматите се реализирани во износ од 140 милиони денари, што е повеќе за 102,9% во споредба со јануари 2010 година. Ваквото зголемување е главно поради исплата на доспеани обврски за камати за втората еврообврзница.

## Буџетско салдо

Во јануари 2011 година се оствари дефицит на Консолидираниот буџет од 660 милиони денари, што претставува 0,1% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 131 милиони денари и претставува само 0,03% од БДП.

# 4. Монетарен сектор

## Примарни пари

Во јануари 2011 година примарните пари[3] забележаа забавен раст од 4,5% на годишна основа, во услови на забавен раст на вкупните ликвидни средства на банките од 5,8% и раст на готовите пари во оптек[4] од 2,4%.

[3] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари)

[4] Вклучува и готовина во благајна на банките

На месечна основа, примарните пари забележаа пад од 1,2%, како резултат на падот на готовите пари во оптек од 6,4%. Вкупната ликвидност на банките забележа месечен раст од 2,4%.

Народната банка на Република Македонија во јануари 2011 година ја задржа каматната стапка на благајничките записи непроменета, односно на ниво од 4,0%. Исто така, каматната стапка на кредитите преку ноќ (ломбардните кредити) се задржа на ниво од 5,5%.

## Депозитен потенцијал

Вкупниот депозитен потенцијал на банките[5] во јануари 2011 година забележа забавен месечен раст од 0,3%, заради забавениот раст на денарските депозити од 0,2% (наспроти 1,7% во декември 2010). Девизните депозити се зголемија за 0,3%. Од секторски аспект, месечниот раст на депозитите на домаќинствата беше значително забавен на само 0,1% (наспроти 3% во декември 2010), додека депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 0,7% и со тоа имаа поголем придонес во растот на вкупните депозити.




Забавување на растот на депозитите се забележа и на годишна основа. Имено, вкупните депозити во јануари 2011 година се зголемија за 12,9% на годишна основа, наспроти 13,7% во декември 2010, при што забавувањето се забележа во речиси сите категории. Од секторски аспект растот главно е движен од порастот на депозитите на домаќинствата од 15,7%, со што тие остварија придонес од 81,4%. Депозитите на претпријатијата забележаа годишен раст од 6,4%.

Анализирано според валутата, денарските депозити забележаа раст од 19,5%, додека депозитите во странска валута се повисоки за 7,2% на годишна основа.

Според рочноста, краткорочните депозити забележаа раст од 6,9% на годишна основа, додека долгорочните депозити забележаа висок раст од 41,6%.

## Кредити на банките

Во јануари 2011 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор на месечна основа останаа непроменети. Според секторската анализа, падот на кредитите кон приватните претпријатија од 0,1% е надоместен со растот на кредитите кон домаќинствата од 0,1%. Според валутата, и кај кредитите во домашна и кај тие во странска валута не се забележаа промени на месечна основа.

[5] Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата

Паралелно со депозитниот потенцијал, се забележа благо забавување на динамиката на кредитната активност на банките. Имено, стапката на раст на кредитите изнесуваше 6,8%, наспроти 7,1% во декември 2010 година.




Од секторски аспект, доминантен придонес од 68,3% во растот на вкупните кредити има кредитирањето на секторот на приватните претпријатија, кое е повисоко за 7,8% на годишна основа. Растот на кредитите кон домаќинствата во јануари изнесува 5,4%.

Од валутен аспект, денарските кредити забележаа годишен раст од 2%, додека кредитите во странска валута регистрираа висок раст од 23,9%. Истовремено, долгорочните кредити забележаа годишен раст од 10,9%, додека краткорочните кредити беа пониски за 0,3%.

## Каматни стапки

Во јануари 2011 година активните каматни стапки се непроменети во однос на претходниот месец, додека на годишна основа се забележува нивно намалување. Активната каматна стапка на денарските кредити, која ги опфаќа каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула и на денарските кредити со валутна клаузула, изнесува 9,0%, што во однос на јануари 2010 година претставува намалување од 1,2 п.п. Пасивната денарска стапка, која ги опфаќа каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула и на денарските депозити со валутна клаузула, изнесува 6,4%, што во однос на минатиот месец претставува намалување од 0,3%, а во однос на јануари 2010 година од 0,9 п.п..




Каматната стапка на девизните кредити изнесува 7,4%, и е пониска за 0,1 п.п. во однос на јануари 2010 година. Каматната стапка на девизните депозити изнесува 2,9%, што претставува намалување од 0,4 п.п. во однос на јануари 2010 година, додека во однос на минатиот месец истата е пониска за 0,1 п.п.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јануари 2011 година изнесуваат 1.706,8 милиони евра и во однос на декември 2010 година се пониски за 7,7 милиони евра, додека во однос на јануари 2010 година се повисоки за 86,9 милиони евра.

# 5. Социјален сектор

## Број на нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во јануари 2011 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија се регистрирани вкупно 18.890 засновани нови работни односи. Од вкупниот број нововработени, 34,2% се однесуваат на неопределено време, додека останатиот дел се однесуваат на определено време и вршење сезонски работи. Споредено со јануари 2010 година се забележа зголемување на бројот на засновани нови работни односи за 5,8%.

Од вкупниот број на засновани нови работни односи, 18,9% се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од Регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во јануари изнесува 8.800, од кои 40,2% претставуваат нови засновани работни односи. Како прилив во Агенцијата се регистрирани 9.512 лица, од кои 50% се лица на кои им престанал работниот однос. Резултатот е зголемување на невработеноста за 712 лица, односно за 0,2% во однос на претходниот месец. Така, во јануари 2011 година бројот на невработени лица изнесува 322.053. Споредено со истиот месец од 2010 година, бројот на невработени лица е намален за 6,4%.




Најголем дел од невработените, односно 66% се од урбани средини (градско население), а 57,5% се мажи. Анализирано според степенот на образование поголемиот дел, односно 52,2% од невработените се неквалификувани или полуквалификувани, додека само 8,1% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасни групи, најголемиот дел или 57,7% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 50,7% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 29,9% чекаат вработување 8 и повеќе години.

## Пензии

Во јануари 2011 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 272.575 пензионери, што претставува зголемување од 0,6% во

однос на истиот месец од 2010 година. Во однос на претходниот месец бројот на корисници на пензија е помал за 1.176 лица.

За исплата на пензии во јануари 2011 година се потрошени 2.811,34 милиони денари, што претставува 53,9% од вкупните социјални трансфери во владиниот Буџет.




Просечната пензија за јануари 2011 година изнесува 10.310 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 2,3%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во декември 2010 година (последни расположиви податоци) изнесува 47,9%.

## Плати

Просечната месечна нето плата во периодот јануари-декември 2010 година (последни расположиви податоци) споредена со истиот период од 2009 година забележа номинален раст од 3,0%, додека реално просечната плата е повисока за 1,4%.

Во декември 2010 година просечната нето плата по вработен изнесуваше 21.454 денари и споредена со истиот месец од 2009 година забележа номинален раст од 4,7%, односно реален раст од 1,7%.




Процентот на вработени кои не примиле плата во декември 2010 година изнесуваше 2,3% и е понизок за 0,6 п.п. во однос на истиот месец од 2009 година.